ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион
CENTRE FOR DEVELOPMENT
of Vardar planning region

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2019 ГОДИНА

Велес, Февруари 2020 година

**Изготвил:** Центар за развој на
Вардарски плански регион

**Предлага:** Центар за развој на
Вардарски плански регион

**Усвојува:** Совет за развој на
Вардарски плански регион
Претседател
Аце Коцевски

# ВОВЕД

Регионалниот развој согласно Законот за рамномерен регионален развој е процес на идентификување, поттикнување, управување и искористување на развојните потенцијали на планските региони и подрачјата со специфични развојни потреби. Врз основа на член 26-а од Законот за рамномерен регионален развој ("Службен весник на РМ 63/2007, 187/13, 43/14 , 215/15 и 64/18"), Центарот за развој на Вардарски плански регион до Советот за развој на Вардарски плански регион и советите на единиците на локалната самоуправа доставува Годишен извештај за работата на Центарот за развој на Вардарски плански регион за изминатата година, а по усвојувањето го доставува до Министерство за локална самоуправа.

Центарот за развој на Вардарски плански регион (ЦРВПР) со својство на правно лице е основан од страна на единиците на локалната самоуправа што влегуваат во состав на Вардарскиот плански регион (Велес, Кавадарци, Неготино, Свети Николе, Лозово, Чашка, Градско, Росоман, Демир Капија).

Центарот за развој на Вардарски плански регион официјално отпочна со работа на 01.07.2009 година.



Седиштето на Центарот за развој на Вардарски плански регион е во Велес на ул.Шефки Сали бр.4 1400 Велес, тел: 043/615-353
www.vardarregion.gov.mk
info@vardarregion.gov.mk

# *СТРУКТУРА НА ОРГАНИЗАЦИОНАТА ПОСТАВЕНОСТ*

Во 2019 година администрацијата на Центарот за развој на Вардарски плански регион ја сочинуваа вкупно 9 (девет) вработени. Дел од нив, односно 4 (четири) лица се вработени на неопределено време на следниве работни позиции: Раководител, Раководител на одделение (1 лице) и Советник (2 лица), 1 (едно) лице - на определено време како проектен координатор за одржлив развој во рамки на проектот финансиран од Министерството за локална самоуправа „Проширување на функциите на Центрите за развој на планските региони во насока на спроведување на активности / услуги за поддршка на приватниот сектор", 4 (четири) лица - ангажирани преку Агенција за привремени вработувања.

## РАКОВОДИТЕЛ

- Раководител на Центарот за развој на Вардарски плански регион
  **Марко Колев**
  контакт тел: 043/615-353
  e-mail: marko.kolev@vardarregion.gov.mk

## АДМИНИСТРАЦИЈА

- Раководител во Одделение за имплементација на проекти, регионален развој и меѓуопштинска соработка
  **Татјана Ѓурова**
  контакт тел: 043/615-353
  e-mail: t.gjurova@vardarregion.gov.mk

- Советник за општи и административни работи, финансии и јавни набавки
  **Татјана Темелковска**
  контакт тел: 043/615-353
  e-mail: tatjana.temelkovska@vardarregion.gov.mk
- Советник за меѓународна соработка
  **Меги Василеска**
  контакт тел: 043/615-353
  e-mail: megi.vasileska@vardarregion.gov.mk
- Координатор за одржлив развој во рамки на проектот финансиран од МЛС „Проширување на функциите на Центрите за развој на планските региони во насока на спроведување на активности / услуги за поддршка на приватниот сектор"
  **Душица Габерова**
  контакт тел: 043/615-353
- Административен координатор на проект
- **Снежана Митрова**
  контакт тел: 043/615-353
  e-mail: snezana.mitrova@vardarregion.gov.mk
- Архитект
  **Мартин Мецановски**
  контакт тел: 043/615-353
  e-mail: martin.mecanovski@gmail.com
- Проектен асистент
  **Јован Симсаров**
  контакт тел: 043/615-353
  e-mail: jovan.simsarov@vardarregion.gov.mk
- Хигиеничар
  **Зорица Јованова**
  контакт тел: 043/615-353

# ИНФОРМАЦИЈА ЗА ИМПЛЕМЕНТИРАНИ ПРОЕКТИ И ПРОЕКТИ ВО ФАЗА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА, ФИНАНСИРАНИ ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА (БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ) ВО 2019

Центарот за развој на Вардарски плански регион во 2019 година имплементираше седум проекти, а отпочна со реализација на дополнителни пет проекти кои што целосно ќе се реализираат во 2020 година. Од споменетите проекти четири се отпочнати со имплементација во 2018 година од Центарот за развој на Вардарски плански регион, но се завршени со имплементација во 2019 година, а станува збор за следниве проекти: „Создавање на услови за ново сообраќајно поврзување со автопат Е-75 преку доизградба на анекс на клучка, општина Демир Капија", „Подобрување на животниот стандард на граѓаните во Вардарски плански регион преку изградба на систем за водоснабдување во ИЗ Мамутчево, општина Велес (прва фаза)", „Валоризација на културното наследство преку доуредување на Спомен Кустурница во општина Неготино" и проектот „Подобрување на квалитетот на живот и зачувување на животната средина преку изработка на проектна документација за изградба на комунална инфраструктура за општините Чашка и Велес".

**Проект бр. 1** „Создавање на услови за ново сообраќајно поврзување со автопат Е-75 преку доизградба на анекс на клучка, општина Демир Капија"

- **Општа цел на проектот:** Создавање на услови за одржлив социо-економски, туристички и културен развој во регионот преку развивање на современа и модерна патна инфраструктура.
- **Специфични цели на проектот:** Обезбедување на услови за интензивен одржлив економски развој преку обезбедување на подобро сообраќајно поврзување на општина Демир Капија со автопатот Е-75, подобрување на сообраќајната безбедност преку изнаоѓање на ново сообраќајно решение и доизградба на транспортна инфраструктура во општина Демир Капија. Создавање на услови за подобрување на квалитетот на животот преку превземање на мерки и активности за надминување на загаденоста на воздухот во општина Демир Капија. Зголемување на бројот на посетители и туристи преку изградба на адекватна инфрастуктура.
- **Реализирани активности во рамки на проектот:** Изграден анекс на клучка за ново сообраќајно поврзување на автопат Е-75 со општина Демир Капија.
- **Статус:** Имплементиран
- **Вкупна вредност на проектот:** 5.436.069,00 денари од Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој и 1.164.124,00 денари од општина Демир Капија, вкупно 6.600.193,00 денари.







- **Проект бр.2** „Подобрување на животниот стандард на граѓаните во Вардарски плански регион преку изградба на систем за водоснабдување во ИЗ Мамутчево, општина Велес (прва фаза)”
- **Општа цел на проектот:** Намалување на невработеноста и поттикнување на регионален економски развој преку инфраструктурно уредување на индустриските зони во Вардарскиот плански регион.
- **Специфични цели на проектот:** Развивање на комунална инфраструктура, преку изградба на водоснабдителен систем во ИЗ Мамутчево и создавање на услови за привлекување на домашни и странски инвестиции, а со тоа и зголемување на конкурентноста на локалните компании и зголемен извоз од државата
- **Реализирани активности во рамки на проектот:** Изграден резервоар за систем за водоснабдување во ИЗ Мамутчево, општина Велес.
- **Статус:** Имплементиран
- **Вкупна вредност на проектот:** 6.912.251,00денари од Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој и од општина Велес 1.739.960,00 денари, вкупно 8.652.211,00 денари.




**Проект бр.3** „Валоризација на културното наследство преку доуредување на Спомен Костурница во општина Неготино”

- **Општа цел на проектот:** Урбанизирање на културно-историски локалитет кој што е од регионално значење и притоа, креирање на услови за привлекување на домашни и странски туристи.
- **Специфични цели на проектот:** Подобрување на инфраструктурата во град Неготино, преку довршување на веќе отпочнати градежни работи, поставување на урбана опрема, поставување на водоводна мрежа и електрична инсталација, како и хортикултурно уредување на просторот околу ова културно-историско спомен обележје; Зголемување на бројот на рекреативни места за граѓаните и создавање на подобрени услови за спорт и рекреација; Подобрување на градска локација каде што помладата популација ќе има можност да го развие спортскиот дух, а воедно и да ја подобри својата психо-физичка состојба.
- **Реализирани активности во рамки на проектот:** Инфраструктурно доуреден локалитет, поставување на урбана опрема, поставување на водоводна мрежа и електрична инсталација, како и хортикултурно уредување на просторот на ова културно-историско спомен обележје.
- **Статус:** Имплементиран
- **Вкупна вредност на проектот:** 3.625.411,00 од Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој и 3.598.406,00 денари од општина Неготино, вкупно 7.223.817,00 денари.




- **Проект бр.4:** „Подобрување на квалитетот на живот и зачувување на животната средина преку изработка на проектна документација за изградба на комунална инфраструктура за општините Чашка и Велес"
- **Општа цел на проектот:** Подобрување на условите за живот и заштита на животната средина во општина Чашка.
- **Специфични цели на проектот:** Изработка на квалитетна проектна техничка документација за унапредување на комуналната инфраструктура во општина Чашка; Унапредување на условите за надминување на загаденоста на водата, воздухот и почвата во микрорегионот Чашка, Велес.
- **Реализирани активности во рамки на проектот:** Изработена техничка документација за фекална канализација со пречистителна станица и регулација на речното корито на река Тополка за селата Горно и Долно Јаболчиште.
- **Статус:** Имплементиран.
- **Вкупна вредност на проектот:** 1.978.270,00 денари - Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој од кои 1.888.000,00 денари за изработка на техничка документација и 90.270,00 денари за ревизија на документација.





**Проект бр.5** „Подобрување на животниот стандард на граѓаните во Вардарски плански регион преку изградба на систем за водоснабдување во ИЗ Мамутчево, општина Велес (втора фаза)"

- **Општа цел на проектот:** Намалување на невработеноста и поттикнување на регионален економски развој преку инфраструктурно уредување на индустриските зони во Вардарскиот плански регион.
- **Специфични цели на проектот:** Развивање на комунална инфраструктура, преку изградба на водоснабдителен систем во ИЗ Мамутчево и создавање на услови за привлекување на домашни и странски инвестиции, а со тоа и зголемување на конкурентноста на локалните компании и зголемен извоз од државата.
- **Реализирани активности во рамки на проектот:** Изграден потисен и доводен цевковод со ревизиони шахти, заедно со бунарска шахта во индустриската зона Мамутчево и изграден потисен и доводен цевковод со ревизиони шахти вон индустриска зона за поврзување со изграден резервоар.
- **Статус:** Имплементиран
- **Вкупна вредност на проектот:** 6.144.377,00 денари од Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој и 4.521.017,00 денари од општина Велес, вкупно 10.665.393,59 денари.






- **Проект бр. 6** „Подобрување на животната средина преку пејсажно и комунално уредување на крајбрежјето на река Бошавица, општина Демир Капија"
- **Општа цел на проектот:** Подобрување на регионалната, локалната атрактивност и унапредување на животната средина преку создавање на урбана зелена и спортска површина по крајбрежјето на река Бошавица.
- **Специфични цели на проектот:** Создавање на уредена атрактивна површина за одмор и релаксација која допринесува за правилен раст и развој кај најмладата популација и зголемување на социјализацијата преку спортски активности, како и заштита на природата и околината по крајбрежјето на река Бошавица од дивата сеча на дрва и унапредување на животната средина со создавање на култивирана зелена површина.
- **Реализирани активности во рамки на проектот:** Уредено речно корито на река Бошавица, со поставување на урбана опрема.
- **Статус:** Имплементиран
- **Вкупна вредност на проектот:**4.264.012,84 од Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој и 1.000.200,54 денари од општина Демир Капија, вкупно 5.264.213,38 денари.




- **Проект бр.7** „Подобрување на патната инфраструктура преку реконструкција на локален патен правец од с. Горно Врановци до регионален пат Р2344 Чашка-Дреново, О.Чашка"
- **Општа цел на проектот:** Подобрување на квалитетот на живот на населението во општина Чашка и околните општини преку создавање на услови за развој на руралниот туризам.
- **Специфични цели на проектот:** Создавање на предуслови за вложувања за изградба на сместувачки капацитети и создавање на понуда за привлекување на домашни и странски посетители и олеснет и безбеден пристап до населените места.
- **Реализирани активности во рамки на проектот:** Реконструирана втора фаза од локален пат за с.Горно Врановци, почнувајќи од стационажа 2+768,83 од регионалниот пат.
- **Статус:** Имплементиран
- **Вкупна вредност на проектот:** 4.610.380,00 денари






- **Проект бр.8** „Унапредување и промоција на винскиот туризам во Вардарски плански регион преку инфраструктурно уредување на регионален вински центар - Винска куќа во општина Кавадарци”
- **Општа цел на проектот:** Подобрување на условите за промоција на винскиот туризам во Вардарскиот плански регион.
- **Специфични цели на проектот:** Промоција на вински производи и винопроизводители од регионот и отворање на регионален центар за едукација, обуки, работилници и организирање на настани за промоција на локални производи од Вардарскиот плански регион.
- **Статус:** Во фаза на имплементација
- **Вкупна вредност на проектот:** 4.453.179,58 денари од Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој и 3.096.460,42 денари од о.Кавадарци, односно вкупно 7.549.640,00 денари.





**Проект бр.9** „Подобрување на руралната инфраструктура во Вардарски плански регион преку изградба на центар за откуп на земјоделски производи во општина Градско”

- **Општа цел на проектот:** Унапредување на земјоделското производство во регионот и зајакнување на економската моќ на земјоделците.
- **Специфични цели на проектот:** Организиран откуп на земјоделски производи, зголемен пласман на земјоделски производи, регионално поврзување на земјоделските производители.
- **Статус:** Во фаза на имплементација
- **Вкупна вредност на проектот:** 5.836.215,00 денари




**Проект бр.10** „Подобрување на инфраструктурните услови за создавање на мулти-функционален објект за поддршка на културно-уметнички и спортско-рекреативни настани во општина Лозово"

- **Општа цел на проектот:** Подобрување на капацитетите во јавните објекти со цел културно-уметничко и спортско издигнување на населението од Вардарскиот плански регион.
- **Специфични цели на проектот:** Обезбедување на мултифункционален објект и стимулирање на младите луѓе за примена на здрави навики преку промоција на културата и спортот во општината и регионот.
- **Статус:** Во фаза на имплементација
- **Вкупна вредност на проектот:** 5.877.708,00 денари од Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој и 1.762.825,00 денари од општина Лозово или вкупно 7.640.533,00 денари.




**Проект бр.11** „Унапредување на туристичкиот потенцијал на општина Свети Николе и ВПР преку изградба на пешачка патека до археолошкиот локалитет Била Зора (II Фаза)"

- **Општа цел на проектот:** Промоција на културниот туризам во општина Свети Николе и Вардарскиот плански регион преку афирмација на културно-историското богатство.
- **Специфични цели на проектот:** Зголемување на понудата на места за рекреација и поттикнување на рекреативниот спорт и заштита и одржување на пошироката околина околу археолошкиот локалитет Била Зора.
- **Статус:** Во фаза на имплементација
- **Вкупна вредност на проектот:** 5.209.266,00 од Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој и 3.003.534,00 денари од општина С.Николе или вкупно 8.212.800,00 денари.





- **Проект бр.12** „Развивање на патната мрежа во регионот, преку изработка на техничка документација за изградба на јужна и северозападна обиколница во општина Неготино”
- **Општа цел на проектот:** Подобрување на локалната и регионалната економија преку вложувања во проекти за изградба на квалитетна и стандардизирана патна инфраструктура.
- **Специфични цели на проектот:** Создавање на предуслови за развивање на современа патна мрежа на ниво на Вардарски плански регион и создавање на предуслови за олеснување на мобилноста на жителите од една во друга општина во ВПР и зголемување на безбедноста на подрачјето на ВПР.
- **Статус:** Во фаза на имплементација
- **Вкупна вредност на проектот:** 1.399.857,6 денари за техничка документација и 82.600,00 денари за ревизија на техничката документација или вкупна вредност од 1.482.457,6 денари.






# *ИНФОРМАЦИЈА ЗА АПЛИЦИРАНИ ПРОЕКТИ НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ЗА 2020 ГОДИНА ФИНАНСИРАНИ ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА - БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ*

Врз основа на Допис од Биро за регионален развој за прибирање на предлог-проекти за развој на планските региони, а согласно Програмата за регионален развој за 2020 година, Центарот за развој на Вардарски плански регион согласно своите законски обврски утврдени во Законот за рамномерен регионален развој на ден 16.12.2019 година до Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој аплицираше со 7 (седум) предлог - проекти од кои 2 (два) резервни, утврдени врз основа на приоритетност за развој на регионот за 2020 година.

**Предлог-проект бр.1** „Одржување на чиста и здрава животна средина преку набавка на специјализирани возила за потребите на ЈКП во општините Лозово, Демир Капија, Неготино и Росоман"

- **Општа цел на проектот:** Унапредување на заштитата на животната средина и подобрување на услугите за граѓаните во Вардарскиот плански регион преку зајакнување на капацитетите на јавните комунални претпријатија
- **Специфични цели на проектот:** Зголемување на ефективност и ефикасност во работењето на давателите на комуналните услуги со помош на современи специјализирани возила. Обезбедување на услови за здрав и квалитетен живот преку континуирано одржување на комуналната инфраструктура и јавната чистота. Намалување на негативните влијание врз животната средина како предуслов за создавање на здрава нација.
- **Статус:** Во фаза на евалуација
- **Вкупна вредност на проектот:** 19.292.410,00 денари









- **Предлог-проект бр.2** „Подобрување на патната инфраструктура преку реконструкција на локални патни правци од с. Горно Врановци до регионален пат Р2344 Чашка-Дреново, о.Чашка (втора фаза) и Улица 1 во с.Подлес ,о.Градско"
- **Општа цел на проектот:** Создавање на услови за развој на руралниот туризам во општина Чашка и општина Градско и економско зајакнување на општините и регионот.
- **Специфични цели на проектот:** Создавање на предуслови за вложувања за изградба на сместувачки капацитеи и создавање на понуда за привлекување на домашни и странски посетители; Олеснет и безбеден пристап до населените места
- **Статус:** Во фаза на евалуација
- **Вкупна вредност на проектот:** 9.475.864,03 денари









**Предлог – проект бр.3** „Подобрување на квалитетот на услугите од областа на култура преку зголемување на енергетската ефикасност на Домот на Култура во општина Свети Николе"

- **Општа цел на проектот:** Зголемување на енергетската ефикасност и подобрување на квалитетот за обезбедување на услуги од областа на културата на граѓаните во Вардарскиот плански регион преку инсталација на систем за греење и климатизација во Дом на Култура во општина Свети Николе
- **Специфични цели на проектот:** Подобрување на условите за работа на учесниците во програмските активности при Дом на Култура, зголемување на квалитетот на услуги во реализирање на програмските активности, намалување на потрошувачката на електрична енергија, зголемување на културни содржини од различни дејности, зголемување на бројот на граѓани кои ги посетуваат културните настани
- **Статус:** Во фаза на евалуација
- **Вкупна вредност на проектот:** 6.123.778,67денари





**Предлог проект бр.4** „Подобрување на животниот стандард на граѓаните во Вардарски плански регион преку изградба на систем за водоснабдување во село Отовица, општина Велес”

- **Општа цел на проектот:** Заштита и одржување на езерото Младост, пошироката околина и природата и стимулирање на условите за привлекување на домашни и странски посетители, поттикнување на развојот на руралниот и транзитниот туризам во село Отовица, Општина Велес преку изградба на современа и модерна комунална инфраструктура.
- **Специфични цели на проектот:** Исполнување на националните и меѓународните стандарди за подобрување на квалитетот на водите и заштита на животната средина во населено место Отовица“ – Општина Велес. Развивање на комунална инфраструктура, преку изградба на водоснабдителен систем од централниот системи за снабдување со вода во руралните средини; Развој на туризмот во руралните средини, во село Отовица, Општина Велес; Зголемување на економскиот раст на општина Велес, но и на целиот Вардарски регион.
- **Статус:** Во фаза на евалуација
- **Вкупна вредност на проектот:** 8.676.158,89 денари




**Предлог-проект бр.5** „Заштита на животната средина во Вардарскиот регион преку финализирање на речното корито на река Луда Мара, општина Кавадарци”

- **Општа цел на проектот:** Унапредување и заштита на животната средина на регионално и локално ниво, со цел подобрување на општите услови за живот на населението во Вардарскиот регион
- **Специфични цели на проектот:** Намалување на ризикот од излевање на водата од речното корито на река Луда Мара како резултат од зголемено ниво на водостојот, намалување на бројот на поплавени подрачја во Општина Кавадарци кои се наоѓаат во близина на реката Луда Мара, Зачувување на животната средина и биодиверзитетот во Општина Кавадарци, Овозможување на поздрав и поквалитетен живот за жителите на Општина Кавадарци, Создавање на средена животна средина, високо атрактивна површина наменета за одмор и релаксација каде што населението од ВПР ќе може да го остварува правото на прав психофизички развој.
- **Статус:** Во фаза на евалуација
- **Вкупна вредност на проектот:** 6.000.000,00 денари од Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој, 16.999.911,00 денари од општина Кавадарци или вкупно 22.999.911,00 денари.




- **Резервен предлог-проект бр.1** „Зајакнување на капацитетите на ТППЕ во општина Велес, Неготино и Свети Николе преку набавка на високо професионална лична заштитна опрема согласно европските стандарди"
- **Општа цел на проектот:** Зачувување на животната средина и биодиверзитетот во Вардарскиот регион преку зајакнување на капацитетите за противпожарна заштита на општина Велес, Неготино и Свети Николе.
- **Специфични цели на проектот:** Зголемена заштита на животната средина во Вардарскиот регион преку набавка на лична заштитна опрема за пожарникарите од ТППЕ Велес, Неготино и Свети Николе. Поголема заштита и безбедност по животот и имотите на жителите на општините Велес, Неготино, Свети Николе, Чашка, Градско и Лозово, Зголемување на ефикасноста и ефективноста при работењето на пожарниците во ТППЕ Велес, Неготино и Свети Николе.
- **Статус:** Во фаза на евалуација
- **Вкупна вредност на проектот:** 8.177.016,5 денари





**Резервен предлог-проект бр.2:** „Промоција и заштита на културното богатство во Вардарскиот плански регион, преку изградба на адекватна патна инфраструктура од с.Долно Чичево до манастир Св.Архангел Михаил, Градско"

- **Општа цел на проектот:** Создавање на услови за развој на руралниот туризам во општина Градско и регионот преку промоција на културното наследство
- **Специфични цели на проектот:**Создавање на предуслови за вложувања за изградба на сместувачки капацитети и создавање на понуда за привлекување на домашни и странски посетители, Олеснет и безбеден пристап до населените места, Заштита и одржување на пошироката околина околу манастирот Св.Архангел Михаил, како и на самиот манастир.
- **Статус:** Во фаза на евалуација
- **Вкупна вредност на проектот:** 8.819.419,66денари.





# ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПРОЕКТИ ВО ФАЗА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИСКИ ПОДДРЖАНИ ОД АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2015 ГОДИНА И ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПРОЕКТИ ВО ФАЗА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИСКИ ПОДДРЖАНИ ОД АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2018 ГОДИНА

Центарот за развој на Вардарски плански регион во 2018 година аплицираше со 2 (два) предлог проекти во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година кои се одобрени и започнати со реализација во 2019 година и продолжи со имплементација на проектот "Изработка на урбанистички планови за 8 села: с.Горобинци, с.Ерџелија, с.Мустафино, с. Трстеник, с. Преод, с. Амзибегово, с. Кадрифаково и с. Црнилиште, општина Свети Николе" аплициран  во Програмата за финансиска поддршка на рурален развој за 2015 година.

**Проект бр.1** „Изработка на урбанистички планови за 8 села: с.Горобинци, с.Ерџелија, с.Мустафино, с. Трстеник, с. Преод, с. Амзибегово, с. Кадрифаково и с. Црнилиште, општина Свети Николе"

- **Мерка 322** – Обнова и развој на селата, врз основа на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година.
- **Статус:** Во фаза на имплементација која што е започната во 2016 година, продолжи во 2017,2018,2019 година и се очекува да заврши во 2020 година.
- **Вкупна вредност на проектот:** 6.372.000, денари, средства од АФПЗРР 5.400.000,00 денари и 972.000,00 денари од општина Свети Николе (исплатени средства – 1.274.400,00 денари за реализирани активности, останати средства за исплата 5.097.600 денари).





**Проект бр.2** „Подобрување на поврзаноста на руралните средини во Вардарскиот плански регион преку изградба на локалните патни правци с. Горни Дисан – с. Вешје, општина Неготино и с. Сливник – с. Бузалково, општина Велес"

- **Мерка 321** – Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини, врз основа на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година
- **Статус:** Во фаза на имплементација
- **Вкупна проектна вредност:** 18.541.268,02 денари (АФПЗРР 15.600.467,25 денари, о.Велес 1.671.197,95 денари, о.Неготино 1.269.602,82 денари)






**Проект бр.3** „Изградба на велосипедска патека од мост во с. Ваташа до Моклишка Воденица, општина Кавадарци" (1-ва фаза)

- **Мерка 323** – Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја, врз основа на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година.
- **Статус:** Во фаза на имплементација
- **Вкупна проектна вредност:** 17.161.307,58 денари (АФПЗРР 14.543.481,00 денари, о.Кавадарци 2.617.826,58 денари)






# *ИНФОРМАЦИЈА ЗА ДОГОВОРИ ВО ФАЗА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИРАНИ ОД СТРАНА НА ШВАЈЦАРСКАТА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ И СОРАБОТКА И МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ “ОДРЖЛИВ И ИНКЛУЗИВЕН РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ 2017-2020 ГОДИНА”*

**Проект бр.1** „Договор за финансиска поддршка за Центар за развој на Вардарски плански регион”, активности во рамки на проектот:

- Организирање на конференции за размена на добрите практики во областа на рамномерен регионален развој;
- Поддршка на ЦРР/РС за примена на регионални форуми во процесот на идентификација на проектни идеи за грантовата шема;
- Подготовка на програма за развој на планските региони 2020-2024 година согласно правилникот за методологија за изработка на плански документи за регионален развој.
- **Статус:** Во фаза на имплементација
- **Вкупната вредност на договорот:** 1.116.949,00 денари.




**Проект бр.2 „Инвестициски проект”**: „Изградба на скејт парк со седум елементи и уредување на пешачки и велосипедски патеки во Вардарски плански регион”, активности во рамки на проектот:

- Градежни и градежно занаетчиски работи за поставување на рамно плато за скејт парк и електрика во о. Кавадарци;
- Уредување на велосипедски и пешачки патеки и комунално уредување на качувачки локалитет во Демир каписка клисура, во близина на Челевечка река;
- Градежни работи за проширување и стабилизирање на планинарска патека до изворите на р. Бабуна во должина од 1.650м (Чашка);
- **Статус:** Во фаза на имплементација
- **Вкупна вредност на проектот:** 8.936.283,00денари







**Проект бр.3 „Иновативен проект"** : „Проширување на туристичка понуда во Вардарски плански регион преку изградба на платформа за параглајдерство и набавка на опрема во Демир каписка клисура", активности во рамки на проектот:

- Набавка и купување на два тандем параглајдери;
- Набавка и производство на знаци на патека до платформа;
- Набавка и купување на две GoPro камери;
- Набавка и производство на рекламни флаери;
- Развој на патеката до платформата со мерки за безбедност и поставени нови знаци;
- Изградба на платформата за параглајдерство (вклучувајќи метеоролошка станица)
- **Статус:** Во фаза на имплементација
- **Вкупна вредност на проектот:** 2.096.116,00 денари.






**Проект бр.4** „Финансиска поддршка на регионалнен Бизнис Центар во рамки на Центарот за развој на Вардарски плански регион од страна на СДЦ/МЛС", активности во рамки на проектот:

- Подготовка на анализа за потребите на МСП во дадениот регион врз основа на спроведување на анкета (минимум 100 испратени прашалници и минимум повратен одговор од половина во кои ќе бидат вклучени и земјоделци);
- Организирање на обука во зависност од утврдените потреби;
- Ангажирање на консултант за организирање на настан за идентификување на проектна идеја за иновативен проект;
- Организирање на настан за можни извори на финансирање и начин на пополнување на апликации за потребите на бизнис секторот (поканети ЕУ, СЕП, ИПАРД, академски сектор);
- Конференција за успешни примери на претприемачи од земјата и регионот со издадена брошура со најдобрите примери, минимум 6 спикери, дводневна конференција;
- **Статус:** Во фаза на имплементација
- **Вкупна вредност на проектот:** 395.164,00 денари.

# ИНФОРМАЦИЈА ЗА РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ФИНАНСИРАНИ ОД СТРАНА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ОН –УНДП

**Проект бр. 1** „Подобрување на животната средина во Општина Росоман преку набавка на специјализирано возило за собирање на смет за потребите на ЈПКД Росоман“

- **Главна цел на проектот:** Набавка на специјализирано возило за собирање на смет за потребите на ЈПКД „Росоман“.
- **Статус:** Имплементиран
- **Вкупен буџет:** 2.849.000,00 денари , УНДП: 1.599.000,00 денари, Општина Росоман: 1.250.000,00 денари





**Проект бр.2** „Подобрување на условите за одвивање на воспитно-образовниот процес преку реконструкција на санитарни јазли во ОУ „Кирил и Методиј" - Општина Свети Николе“

- **Главна цел на проектот:** Реконструкција на санитарни јазли во ОУ „Кирил и Методиј" - Општина Свети Николе
- **Статус:** Имплементиран
- **Вкупен буџет:** 1.596.960,00 денари









**Проект бр.3** „Подобрување на животната средина преку набавка на опрема за ЈПКД „ЛОЗОВО“ со цел обезбедување на поквалитетен живот на граѓаните на Општина Лозово“

- **Главна цел на проектот:** Набавка на механизација и опрема за ЈПКД „ЛОЗОВО“ со цел обезбедување на поквалитетен живот.
- **Статус:** Имплементиран
- **Вкупен буџет:** 1.599.000,00 денари










**Проект бр.4** „Подобрување на животната средина преку санација на диви депонии и чистење на речното корито на река Тополка во селата Горно и Долно Јаболчиште, општина Чашка со цел да се обезбеди заштита на водите на хидросистемот Лисиче”

- **Главна цел на проектот:** Санирање и отстранување на дивите депонии и чистење на речното корито на река Тополка во селата Горно и Долно Јаболчиште, општина Чашка со цел да се обезбеди заштита на водите на хидросистемот Лисиче.
- **Статус:** Имплементиран
- **Вкупен буџет:** 2.000.000,00 денари






# *ИНФОРМАЦИЈА ЗА ИМПЛЕМЕНТИРАН ПРОЕКТ И ПРОЕКТ ВО ФАЗА НА ЕВАЛУАЦИЈА ФИНАНСИРАНИ ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО – ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИ СУБВЕНЦИИ ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ ВО ОБЛАСТА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ*

**Проект бр.1** „Развој на земјоделството во Вардарскиот плански регион преку реконструкција и санација на пристапните патишта до земјоделското обработливо земјиште"

- **Главна цел на проектот:** Развој на земјоделието во Вардарскиот плански регион преку реконструкција и санација на пристапните патишта до земјоделското обработливо земјиште со цел олеснет пристап до земјоделските насади.
- **Статус:** Имплементиран
- **Вкупна вредност на проектот:** 4.817.149,00 денари за реконструкција и 56.286,00 денари за надзор на реконструкција и санација, односно 4.873.435,00 денари.






**Проект бр.2** „Подобрување на патната инфраструктура во подрачја со земјоделска дејност и обработливи површини во Вардарскиот плански регион"

- **Главна цел на проектот:** Олеснет пристап до земјоделски обработливи површини
- **Статус:** Во фаза на евалуација
- **Вкупна вредност на проектот:** 6.574.328,00 денари




# *ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОЕКТИ ИМПЛЕМЕНТИРАНИ И ВО ФАЗА НА ЕВАЛУАЦИЈА АПЛИЦИРАНИ ДО ЈАПОНСКА АМБАСАДА СО СЕДИШТЕ ВО СКОПЈЕ*

Центарот за развој на Вардарски плански регион во партнерство со институции од локално и центарално ниво во 2018 година до Јапонска амбасада со седиште во Скопје аплицираше со седум проекти. Во 2019 година два проекти беа одобрени и имплементрирани додека останатите пет проекти финансиски не беа поддржани. Исто така и во 2019 година, Центарот во партнерство со институции од локално и центарално нивово аплицираше со дополнителни два проекти од кои еден проект беше позитивно оценет додека вториот е во фаза на евалуација.

**Проект бр.1** “ Набавка на две возила за итна медицинска помош за ЈУ “Здравствен дом – Велес”

- **Резултати од имплементација на проектот:** Набавени две специјализирани амбулантски возила за Јавната установа.
- **Статус:** Имплементиран
- **Вкупна вредност на проектот:** 2.278.856, денари








**Проект бр.2** „Проект за подобрување на училишна средина во подрачна единица на основното училиште „Гоце Делчев”, село Долни Дисан, општина Неготино”

- **Резултати од имплементација на проектот:** Топлотен систем за енергетска ефикасност – парно греење.
- **Статус:** Имплементиран
- **Вкупна вредност на проектот:** 1.861.434,00 денари




**Проект бр.3** „Набавка на мерни инструменти, лабораториска опрема (процес и микробиолошки) за преработка на водата за целосен мониторинг на водата за пиење во Јавно комунално претпријатие Дервен од Велес”

- **Очекувани резултати од имплементација на проектот:** Набавка на мерни инструменти, лабораториска опрема за потребите на Јавното претпријатие.
- **Статус:** Аплициран во 2018 година, (во 2019 година финансиски не е поддржан од Амбасадата)
- **Вкупен проектен буџет:** 3.075.000,00 денари.

**Проект бр.4** „Подобрување на комуналната инфраструктура и зачувување на животната средина во општина Чашка, преку набавка на модерна и соодветна механизација за потребите на Јавното комунално претпријатие Тополка, општина Чашка”

- **Очекувани резултати од имплементација на проектот:** Набавка на модерна и соодветна механизација за потребите на Јавното комунално претпријатие Тополка, општина Чашка
- **Статус:** Аплициран во 2018 година, (во 2019 година финансиски не е поддржан од Амбасадата)
- **Вкупен проектен буџет:** 3.075.000,00 денари.

**Проект бр.5** „Подобрување на условите за учење во ООУ ”Гоце Делчев” – Свети Николе, преку реконструкција на електрична инсталација, инсталација за противпожарен систем, како и сите потребни градежни и молерски работи кои се неопходни за подобрување на условите во училиштето”

- **Очекувани резултати од имплементација на проектот:** Реконструкција на електрична инсталација, инсталација за противпожарен систем, како и сите потребни градежни и молерски работи кои се неопходни за подобрување на условите во училиштето.
- **Статус:** Аплициран во 2018 година, (во 2019 година финансиски не е поддржан од Амбасадата)
- **Вкупен проектен буџет:** 3.075.000,00 денари.

**Проект бр.6** „Подобрување на условите за учење во ООУ ”Гоце Делчев” – Кавадарци, преку реконструкција на тоалети и подови во училниците”

- **Очекувани резултати од имплементација на проектот:** Реконструкција на тоалети и подови во училниците во ООУ ”Гоце Делчев” – Кавадарци.
- **Статус:** Аплициран во 2018 година, (во 2019 година финансиски не е поддржан од Амбасадата)
- **Вкупен проектен буџет:** 3.075.000,00 денари.

**Проект бр.7** „Подобрување на образовниот процес во ООУ “Блаже Конески”-Велес”

- **Очекувани резултати од имплементација на проектот:** Реконструкција на тоалети во ООУ “Блаже Конески”-Велес”.
- **Статус:** Аплициран во 2018 година, (во 2019 година финансиски не е поддржан од Амбасадата)
- **Вкупен проектен буџет:** 3.075.000,00 денари.

**Проект бр.8** „Подобрување на комуналната инфраструктура во општина Градско преку набавка на трактор со приклучна механизација”

- **Резултати од имплементација на проектот:** Набавен трактор со приклучна механизација
- **Статус:** Во фаза на имплементација
- **Вкупна вредност на проектот:** 2.474.964,8 денари





**Проект бр.9** „Набавка на повеќенаменски трактор со приклучна механизација за чиста Чашка”

- **Очекувани резултати од имплементација на проектот:** Набавка на трактор со приклучна механизација
- **Статус:** Во фаза на евалуација
- **Вкупна вредност на проектот:** 2.474.964,8,00 денари

# *ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПРОЕКТ ВО ФАЗА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА И ПОЗИТИВНО ОЦЕНЕТИ ПРОЕКТИ ФИНАНСИСКИ ПОДДРЖАНИ ОД НОРДИСКИТЕ ЗЕМЈИ (НОРВЕШКА И ШВЕДСКА)*

**Проект бр.1** „Подобрување на инфраструктурата и енергетската ефикасност во земјоделското средно училиште „Ѓорче Петров", Кавадарци"

- **Статус:** Позитивно оценет - Во фаза на имплементација
- **Вкупна вредност на проектот:** 4.849.389,62 денари





**Проект бр.2** „Реконструкција на кров и фасада во СОУ „Кочо Рацин", Свети Николе"

- **Статус:** Позитивно оценет (на резервна листа)
- **Вкупна вредност на проектот:** 4.806.602,19 денари

**Проект бр.3** „Подобрување на социјалниот и културниот живот преку поголема инклузивност за сите жени"

- **Статус:** Позитивно оценет (на резервна листа)
- **Вкупна вредност на проектот:** 5.116.249,33 денари (Нордиска поддршка – 4.955.499,96 денари, општина Демир Капија – 160.749,37 денари)

**Проект бр.4** „Подобрување на квалитетот во едукативниот процес за учениците во основното училиште „Даме Груев" – Градско – подрачно училиште во село Виничани преку реконструкција на две училници согласно енергетската ефикасност, хидроизолација, мебел и ИТ опрема"

- **Статус:** Позитивно оценет (на резервна листа)
- **Вкупна вредност на проектот:** 2.908.845,00 денари

**Проект бр.5** „Реконструкција на фасада во средно училиште "Јовче Тесличков", општина Велес"

- **Статус:** Позитивно оценет (на резервна листа)
- **Вкупна вредност на проектот:** 2.850.828,23 денари

# СЕДНИЦИ НА СОВЕТ ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Центарот за развој на Вардарски плански регион во период Јануари – Декември 2019 година подготви и организираше 4 (четири) седници на Советот за развој на Вардарски плански регион.

***VII-та седница на Советот за развој на Вардарски плански регион***

На VII-та седница на Советот за развој на ВПР одржана на 08.03.2019 година, беа усвоени и донесени повеќе одлуки:

- Одлука за потврдување на трите приоритетни концепти највисоко рангирани на регионалните форуми одржани во Вардарски плански регион во рамки на проектот "Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој" финансиски поддржан од Министерството за локална самоуправа и Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ);
- Одлука за усвојување на Годишен извештај за работата на Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2018 година;
- Одлука за усвојување на Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Вардарски плански регион за 2018 година;
- Одлука за усвојување на Годишен финансиски извештај за работењето на Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2018 година;
- Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2019 година;

***VIII-та седница на Советот за развој на Вардарски плански регион***

На VIII-та седница на Советот за развој на ВПР одржана на 30.08.2019 година, беа споделени информации за активностите на Центарот, како и се потпиша Договор за соработка во 2019 година помеѓу Министерството за локална самоуправа и единиците на локална самоуправа од Вардарскиот плански регион, основачи на Центарот за развој на Вардарски плански регион.

***IX-та седница на Советот за развој на Вардарски плански регион***

На IX-та седница на Советот за развој на ВПР одржана на 25.11.2019 година, беа усвоени и донесени следните одлуки:

- Одлука за избор на Претседател на Советот за развој на Вардарски плански регион;
- Одлука за усвојување на Годишна листа на предлог-проекти за развој на Вардарски плански регион за 2020 година финансирани од страна на Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој;

***X-та седница на Советот за развој на Вардарски плански регион***

На X-та седница на Советот за развој на ВПР одржана на 20.12.2019 година, беа усвоени и донесени следните одлуки:

- Одлука за усвојување на Акциониот план за спроведување на Програмата за развој на Вардарски плански регион;
- Одлука за усвојување на Финансискиот план за 2020 година.

# СПРОВЕДЕНИ ЈАВНИ НАБАВКИ ОД СТРАНА НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Во период Јануари-Декември 2019 година, Центарот за развој на Вардарски плански регион ги реализираше следните јавни набавки:

Набавка од мала вредност на стоки и услуги со проценета вредност до 10.000 евра во денарска противвредност и на работи до 20.000 евра во денарска противвредност:

- Јавна набавка на гориво (моторни бензини и дизел гориво) за моторни возила за потребите на Центар за развој на Вардарски плански регион;
- Уредување на велосипедски и пешачки патеки и комунално уредување на качувачки локалитет во Демиркаписка клисура во близина на река Челевечка;
- Изградба на платформа за параглајдерство, развој на патека до платформата со мерки за безбедност и набавка и поставување на знаци на патеката до платформата;

Поедноставена отворена постапка за набавка на стоки и услуги со проценета вредност до 70.000 евра во денарска противвредност и на работи до 500.000 евра во денарска противвредност:

- Набавка на работи за изградба на систем за водоснабдување во ИЗ Мамутчево, општина Велес (втора фаза);
- Набавка на работи за инфраструктурно уредување на регионален вински центар - Винска куќа во општина Кавадарци.;
- Набавка на работи за изградба на пешачка патека до археолошки локалитет Била Зора - Свети Николе (втора фаза);
- Изградба на центар за откуп на земјоделски производи во општина Градско.;
- Набавка на работи за реконструкција на локален патен правец од с.Горно Врановци до регионален пат Р 2344 Чашка-Дреново, општина Чашка;
- Инфраструктурно уредување на мулти-функционален објект за поддршка на културно-уметнички и спортско -рекреативни настани во општина Лозово;
- Набавка на работи за пејсажно и комунално уредување на крајбрежјето на река Бошавица, општина Демир Капија;
- Набавка на услуги за изработка на техничка документација за изградба на јужна и северозападна обиколница во општина Неготино и ревизија на истата.;
- Јавна набавка на услуги од Агенција за привремени вработување;
- Набавка на работи за изградба на локалните патни правци с.Горни Дисан -с.Вешје, општина Неготино и с.Сливник-с.Бузалково, општина Велес;
- Изградба на скејт парк со 7 елементи и уредување на пешачки и велосипедски патеки во Вардарски плански регион;
- Набавка на два тандем параглајдери и опрема за параглајдерство;

Отворена постапка – со проценета вредност на договорот над 20.000 евра за стоки и услуги и 50.000 евра за работи (набавки спроведени пред измените на Законот за јавни набавки):

- Реконструкција и санација на пристапни патишта до земјоделски обработливи површини;
- Уредување на спомен Костурница во Општина Неготино.

# *ДРУГИ АКТИВНОСТИ РЕАЛИЗИРАНИ ВО 2019 ГОДИНА*

Исто така во 2019 година Центарот за развој на Вардарски плански регион по барање на Министерството за локална самоуправа, Швајцарската влада, УНДП, Светска банка, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Стопанската комора, граѓански организации, организираше и кординираше многубројни настани (работни средби, тркалезни маси, обуки) на кои присуствуваа претставници од јавниот, приватниот и невладиниот сектор.

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион
CENTRE FOR DEVELOPMENT
of Vardar planning region

*Центар за развој на Вардарски плански регион – Велес*
*Ул.Шефки Сали бр.4  1400 Велес*
*Тел:043/615-353*
*www.vardarregion.gov.mk*
*info@vardarregion.gov.mk*